РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-4809/8
20.11.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од осумнаесеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 17.11.2025 година**

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска-Довлева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори осумнаесеттата седница на Советот. Седницата почна во 14:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување Предлог-записник од 17. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 5.11.2025 година.
2. Нацрт-годишен план за вршење програмски надзор за 2026 година.
3. Нацрт-годишен план за вршење административен надзор за 2026 година.
4. Нацрт-програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година).
5. Предлог-одлука за објавување јавен конкурс за избор на директор и на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
6. Предлог-правилник за дополнување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

7. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка - услуга: одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација.

8. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 17. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 5.11.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 2, 3 и 4**

Директорот, д-р Зоран Трајчевски, предложи да се даде заеднички вовед за Нацрт-годишниот план за вршење програмски надзор за 2026 година, Нацрт-годишниот план за вршење административен надзор за 2026 година и Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година (со Нацрт-програмата на планирани активности и Нацрт-финансискиот план на Агенцијата). Тој посочи дека документите меѓусебно се поврзани по својата планска и тематска содржина. Притоа, прашањата и дискусијата ќе се водат одделно по секоја точка, додека гласањето ќе се спроведе посебно за секоја од нив. Програмата за работа за 2026 година ги опфаќа Нацрт-годишниот план за програмски надзор и Нацрт-годишниот план за административен надзор, односно сите активности што регулаторното тело ќе ги спроведува во текот на следната година. Во рамките на Програмата е вклучен и Финансискиот план, со распределба по работни единици и сектори на Агенцијата.

Во 2026 година се предвидува спроведување на стандардните активности, како што се надзорот врз работењето на традиционалните медиуми – радиодифузерите, радијата и телевизиите. Надзор ќе се врши и врз печатените медиуми, а поради измените на Законот за медиуми, следната година во надзорот ќе бидат опфатени и интернет-порталите. Дополнително, со оглед дека оваа недела ќе биде закажана седница на која ќе почне јавната расправа за начинот на следење и функционирање на инфлуенсерите, од следната година предмет на надзор ќе бидат и инфлуенсерите. Во делот на меѓународната соработка, директорот информира дека се планира учество во работата и иницијативите на меѓународните асоцијации на регулаторни тела од областа на аудиовизуелните медиуми – Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Европскиот одбор за медиумски услуги (Media Board) и Медитеранската мрежа на регулатори (MNRA). Предвидено е и присуство на конференции, форуми и други настани од меѓународен карактер поврзани со медиумската регулатива. Во рамките на овие активности ќе се унапредуваат меѓуинституционалната и билатералната соработка со европските регулатори, особено со оние од регионот.

Посочи дека денеска почна одржувањето на Деновите на медиумска писменост, активност што е превидена и за 2026 година. Оваа активност, покрај организирањето на Деновите на медиумска писменост, опфаќа и континуирани активности во текот на целата година со цел подигнување на нивото на медиумска писменост во државата. Тој информира дека претседателот на Собранието денеска распиша дополнителни,

односно повторени локални избори во четири општини каде што изборите оваа година не беа успешно спроведени. Првиот круг ќе се одржи на 11 јануари 2026 година, при што Агенцијата ќе има законски обврски поврзани со медиумското покривање на изборниот процес, платеното политичко рекламирање и сите други активности што произлегуваат од Изборниот законик.

Во однос на Финансискиот план, директорот наведе дека следната година Агенцијата очекува приход од 2.500.000,00 денари од буџетот на РСМ за изборни процеси, планиран редовен приход од буџетот на РСМ во износ од 88.500.000,00 денари, согласно средствата наменети за финансирање на радиодифузната дејност, како и приход од надоместоци за дозволите за радио и телевизиско емитување во износ од 51.000.000,00 денари, приходи од надзор за реемитување програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, во износ од 10.700.000,00 денари, од транзитни фактури во износ од 1.000.000,00 денари. За расходите на Агенцијата да можат да бидат покриени, ќе бидат пренесени средства во износ од 70.491.345,00 денари. Следната година се предвидуваат пет нови вработувања во Стручната служба и избор на заменик-директор. Најголемите расходи следната година ќе бидат за набавка на ИКТ-опрема (Информатичка комуникациска технологија) во износ од 3.675.000,00 денари, како и набавка на хардвер за систем за мониторирање платено политичко рекламирање во износ од 7.200.000,00 денари. Потоа, информира дека за плати на вработените се предвидени 122.156.345,00 денари, како и средства за ангажирање лица за привремено вработување, од кои дел ќе бидат ангажирани за потребите од мониторирање на изборниот процес што ќе се одвива во четирите општини следната година. Предвидени се и трошоци поврзани со вработените, како што се надоместокот К-15, јубилејни награди, надоместоци при заминување во пензија и надоместоци во случаи на смрт на блиски членови од потесното семејство.

*Гласање по точка 2*

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Нацрт-годишниот план за вршење програмски надзор во 2026 година, со текст како што беше предложен.

Агенцијата во врска со Нацрт-годишниот план за вршење програмски надзор во 2026 година да постапи во согласност со член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 49 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, наведениот Нацрт-годишен план да го објави на веб-страницата на Агенцијата, со рок од 30 дена, со цел да се обезбеди јавна расправа и да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

*Гласање по точка 3*

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Нацрт-годишниот план за вршење административен надзор во 2026 година, со текст како што беше предложен.

Агенцијата, во врска со Нацрт-годишниот план за вршење административен надзор во 2026 година, да постапи во согласност со член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 49 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот наведениот Нацрт-годишен план да го објави на веб-страницата на Агенцијата, со рок од 30 дена, со цел да се обезбеди јавна расправа и да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

*Гласање по точка 4*

Советот на Агенцијата едногласно ја усвои Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година), со текст како што беше предложена.

Агенцијата во врска со наведената Нацрт-програмата да постапи во согласност со член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 49 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот наведената Нацрт-програма да ја објави на веб-страницата на Агенцијата, со рок од 30 дена, со цел да се обезбеди јавна расправа и да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

**Точка 5**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја образложи Предлог-одлуката за објавување јавен конкурс за избор на директор и заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Тој објасни дека ова претставува законска обврска на Советот. Потсети дека, поради распишувањето на Локалните избори 2025, Советот на седница донесе заклучок со кој објавувањето на конкурсот се става во мирување до завршување на изборниот процес. Објасни дека согласно Заклучокот од ДИК, изборите за членови на советите на општините и Совет на Град Скопје и градоначалниците на општините и градоначалник на Град Скопје официјално се завршени на 12 ноември 2025 година. Бидејќи условите се исполнети, тој предложи да се објави наведениот јавен конкурс.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за објавување јавен конкурс за избор на директор и на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со мандат од 5 (пет) години, со текст како што беше предложена.

Јавниот конкурс ќе трае 15 (петнаесет) работни дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето во дневните весници.

Советот на Агенцијата донесе Решение за формирање Комисија за евалуација на доставените пријави на кандидатите по објавениот јавен конкурс за избор на директор и на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), со текст како што беше предложено, во следниот состав:

- м-р Зирјета Јајага, заменик на претседателот на Советот на Агенцијата - претседател на Комисијата, со заменик - Цветанка Миновска, член на Советот на Агенцијата;

- Петар Ѓуровски, член на Советот на Агенцијата - член на Комисијата, со заменик - Виктор Павловски, член на Советот на Агенцијата, и

- м-р Гордана Мајнова, член на Советот на Агенцијата - член на Комисијата, со заменик - Афрона Врзиволи, член на Советот на Агенцијата.

Горенаведената Комисија да изврши евалуација на доставените пријави на кандидатите по објавениот јавен конкурс за избор на директор и на заменик на директорот на Агенцијата и во рок од 10 (десет) работни дена по истекот на рокот за пријавување да достави до Советот на Агенцијата Извештај со предлог за избор на директор и со предлог за избор на заменик на директорот на Агенцијата.

Јавниот конкурс да се објави во 2 (два) дневни весника, и тоа: 1 (еден) дневен весник што се издава на македонски јазик и 1 (еден) дневен весник што се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на товар на Агенцијата како работодавач.

**Точка 6**

Директорот Трајчевски го образложи предложениот Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Тој објасни дека, согласно измените на ЗААВМУ од 31 декември 2018 година, беше предвидено членовите на Советот да бидат во редовен работен однос. Како што оваа одредба се имплементира со изборот на новиот состав на Советот, се предлага измена на постојниот правилник за користење на службените моторни возила, со цел негово усогласување со Законот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Горенаведениот подзаконски акт влегува во сила со денот на неговото донесување и истиот ќе се објави на огласната табла и на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – услуга: одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација. Таа објасни дека во деловниот објект во кој е сместено седиштето на Агенцијата е инсталиран систем за ладење, греење и вентилација кој мора редовно да се одржува и сервисира, особено делот во кој е сместена ИКТ-опремата во север-салата. Поради ова, неопходна е реализација на предметната јавна набавка, која е предвидена во Годишниот план за јавни набавки, а средствата за неа се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година. Со оглед дека договорот што ќе произлезе од оваа јавна набавка ќе биде склучен за период од две години,

дополнителни средства ќе бидат обезбедени и во Финансискиот план на Агенцијата за 2026 и 2027 година. Согласно проценетата вредност, набавката ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка, без електронска аукција, а ќе почне со објавување оглас во електронскиот систем за јавни набавки и во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Сите други податоци за постапката се содржани во материјалите доставени по оваа точка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување постапка за јавна набавка - услуга: одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-3061/1 од 21.7.2025 година (Пречистен текст), а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, односно истите ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година и 2027 година.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија по точка „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**